Република Северна Македонија
**ОПШТИНА НЕГОТИНО**
Бр. 04-1191/24
05.08.2025 година
Н е г о т и н о

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (,, Сл.весник на РМ " бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и ,,Сл.весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/2020 и 215/21), Секретарот на општина Неготино во постапка на вработување на административен службеник во општинската администрација ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас**

1. За извршител на работното место: **Советник за утврдување и наплата на локални даноци и такси** и шифра на работно место: УПР 01 01 В01 000 (1 извршител) во Одделение за даноци, такси и надоместоци, Сектор за финансиски прашања, се избира кандидатот **АНГЕЛА ДОНОВА.**

**2.** Именуваната ќе биде вработена на неопределено време на работното место од точка 1 на оваа одлука, по конечноста на одлуката.

**3.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за администрација на барање на општина Неготино објави јавен оглас **бр.637/2025** година на ден 31.07.2025 година во дневните весници ,,Слободен Печат,, , ,,Вечер,, и ,,Коха,, за вработување на 1 (еден) административен службеник на неопределено време за работно место **во Одделение за даноци, такси и надоместоци** - Советник за утврдување и наплата на локални даноци и такси и шифра на работно место: УПР 01 01 В01 000 (1 извршител). Комисијата за административна селекција на административен службеник на ден 16.07.2025 година во 10:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за огласот број 637/2025, при што се утврди дека од пријавени вкупно 2 кандидати, 2 се уредни и 0 неуредни кандидати. Од вкупниот број на уредни кандидати, 2 продолжија во втората фаза. На ден 31.07.2025 година во 09:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација се спроведе стручниот испит за административен службеник, втора фаза од постапката на која се утврди дека од вкупно 2 уредно поканети кандидати, 1 кандидат се појавил на полагањето. По спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју за работа трета фаза од постапката во просториите на Агенцијата за администрација на ден 01.08.2025 година во 14:00 часот, се објави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог-одлука на кандидати за вработување бр.04-1191/23 од 04.08.2025 година. Од предложената ранг листа Секретарот на општина Неготино го избра прворангираниот кандидат Ангела Донова.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од објавувањето на оваа одлука на ВЕБ страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација, до Агенцијата за администрација Скопје.

**С е к р е т а р,**
**Марија Нацева**

**Доставено до :**

- Именуваната
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива